

Вчера заврши шестото издание на фестивалот SEE a Paris 2016. Во текот на фестивалските денови париската публика имаше можност да ја проследи богатата фестивалска програма која изобилуваше со интересни содржини. Покрај филмската програма, фестивалот имаше и музичка програма, во која се вбројуваат концертите на Alina Baba, ElinaDuni и VlashenSata.

Фестивалот отпочна на 31.05. во универзитетот INALCO, каде што покрај маратонот на документарни филмови, се одржа симпозиум на тема „Миграциите и филмот“, на кој зедоја учество бројни истакнати имиња, како  Фроса Пејоска, професор на Универзитетот Иналко, Фабрис Далмеида, професор на Универзитетот Пантеон-Асас, Љубен Тевдовски, директор на Музејот на Град Скопје,Јордан Плевнеш, ректор наУниверзитетот за аудиовизуелни уметности Скопје, итн. Покрај учеството на симпозиумот, познатиот српски режисер Желимир Жилник одржа работилница, додека неговиот филм „Log-Book Srbistan“ ,  ја доби наградата на студенското жири за најдобар документарен филм.Гостин на програмата во INALCOбеше и легендарниот Душан Макавејев.

Програмата во Le Palace се отвори со изложбата „Балканскиот Дон Кихот во Европа“ на истакнатиот македонски академски сликар Владимир Георгиевски.  Во продолжение беа доделени и специјалнитенагради на фестивалот. Наградата SEE Film Legend на Вељко Булајиќ му беше лично врачена од страна на Yves Boisset, за SEE Actor 2016 беше прогласен црногорскиот актер Бранимир Поповиќ, додека наградата Europa Prima 2016 за литература му беше доделена на Francis Combes. Покрај овие, беа им доделени награди на Ерхард Бусек (Europa Prima Politics Award 2016)и Трифун Костовски (SEE Personality 2016).

Жирито во состав: Ив Буасет(претседател),Зоран Живковиќ, Хазис Вардар, Макс Азуле,Саша Голдман и Емануел  Галабруе, ги додели следниве награди:

Најдобар филм – „Bota“ – Iris Elezi и Thomas Logoreci(Албанија)

Најдобра режија – TuncDavut – „Dolanma“ (Турција)

Најдобра машка улога – Горан Навојец  - „Svenajbolje“,(Хрватска)

Најдобра женска улога –FlonjaKodheli -„Bota“, (Албанија)

Најдобро сценарио – YorgosGkikapeppas – „Silent“, (Грција)

Најдобра музика – Александар Пејовски  -„Три дена во септември“ , (Македонија).

Фестивалот ги заокружува овогодинешните изданија во Нингбо, Кина,(CEE in Ningbo 08-12.06), со селекција во која се вклучуваат и  кратки и документарни филмови од земјите на источна Европа.